

 Јордан Цеков - Дане

Јордан Цеков - Дане (15. VII 1921 – 20. XI 2019) е македонски комунистички деец, првоборец, воен командант, општественик и публицист. По Априлската војна во 1941 година учествувал во прибирањето оружје и муниција. Бил борец на Вториот јужноморавски НОПО, командир на чета на Кумановскиот НОПО и на Кумановскиот НО баталјон „Јордан Николов", командант на Единаесеттата македонска НО бригада и на Третата македонска НОУБ. По Ослободувањето ја завршил Вишата офицерска артилериска школа во Ленинград и Вишата воена академија на ЈНА. По пензионирањето во 1956 година, извршувал поголем број општественополитички функции. Носител е на Партизанска споменица 1941.

Јордан Цеков – Дане е роден на 15 јули 1921 година во Куманово, како трето дете на Денко и Вета Цекови. Во 1938 година станал член на Сојузот на кумунистичката младина на Југославија (СКОЈ). По Априлската војна во 1941 година учествувал во собирање на оружјето кое го отфрлила поразената југословенска војска и работел во партиската техника на Месниот комитет на КПЈ во Куманово  во текот на јули и август 1941 година.

Јордан Цеков бил еден од организаторите на  познатиот штрајк на учениците во Кумановската мешана гимназија од 27 до 29 септември 1941 година. Тој е автор и на Резолуцијата од ученици и ученички од на кумановската мешана гимназија од 29 септември во кои се изнесени смелите барања на учениците кои почнуваат со зборовите „Ние синовите на македонскиот народ...". На 12 октомври од куќата на Цекови било изнесено собраното оружје и однесено на партизаните на Козјачкиот и Карадачкиот народноослободилачки партизански одред (НОПО), кое Јордан го собрал заедно со братот Стојко и Панче Пешев.

Поради неговите активности Јордан Цеков бил уапсен од бугарските окупаторски власти и лежел во затворите цо Куманово и Скопје. Кон крајот на октомври 1941 година, по еден месец изложување на тортура, поради недостиг на докази тој бил ослободен.

Јордан Цеков - Дане, Бојан Зафирофски, Благоја Стефанофски и други се членови на редакцијата на илегалниот „Октобрис", весникот на Кумановската организација на Комунистичката партија, кој почна да излегува во текот на јули 1942 година. Весникот бил печатен во куќата на Јордан Цеков кој бил технички уредник на шест броја на весникот и во него објавувал свои статии.

Во учебната 1942/1943 година Јордан го завшил своето гимназиско образование, кога и матурирал. Во февруари 1943 година станал член на КПЈ, во март член на Месниот комитет на КПЈ и во мај 1943 година секретар на Месниот комитет на СКОЈ во Куманово.

На 26 јуни 1943 година, Јордан Цеков, Панче Пешев, Христијан Тодоровски Карпош и други, излегле од градот и станале борци на Вториот јужноморавски партизански одред.  На 2. август 1943 година Цеков бил назначен за командир на чета на Кумановскиот партизански одред, а потоа и на Кумановскиот народноослободителна баталјон „Јордан Николов“. Набрзо станал командант на Единаесеттата македонска народноослободителна бригада и на Третата македонска народноослободителна ударна бригада (НОУБ) од септември 1944 година, по што  добил чинот мајор на 1 декември 1944 година.

По Ослободувањето во 1945 г. Јордан Цеков – Дане ја завршил Вишата офицерска артилериска школа во Ленинград и бил именуван за командант на артилеријата на пешадиска и тенковска дивизија. Кога ја завршил и Вишата воена академија на ЈНА (1951-1953) бил именуван за командант на артилериски полк, а потоа е пензиониран со чин полковник во 1956 година.

По пензионирањето Јордан Цеков – Дане извршувал поголем број општественополитички функции. Бил републички пратеник, раководител на Републичкиот фонд за научна работа (април 1961 - септември 1967), стручен и виш стручен соработник на ИНИ во Скопје (октомври 1967 - октомври 1979).

Јордан Цеков – Дане починал на 20 ноември 2019 година во Скопје. Носител е на Партизанска споменица 1941 и други одликувања.